Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница одржана на 29.04.2024 година, со која претседаваше Претседателот на Врховен суд на Република Северна Македонија Беса Адеми, согласно член 37 став 1, алинеја 2 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), член 67 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по Барање на мислење од Министерството за правда во однос на доставеното Известување од Народна банка на Република Северна Македонија, до Министерството за правда, заведено во Врховен суд на Република Северна Македонија под СУ-03 бр.41/24 од 22.01.2024 година го усвои следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Барањето за мислење поднесено од Министерството за правда, заведено под СУ-03 бр.41/24 од 22.01.2024 година, НЕ СЕ УСВОЈУВА.

**Образложение**

До Претседателот на Врховен суд на Република Северна Македонија, од страна на Министерот за правда е поднесено Барање за мислење во однос на доставеното Известување од Народна банка на Република Северна Македонија до Министерството за правда, за потребата од законски измени на Законот за управните спорови, а во врска со практичната примена на Законот за банките и Законот за решавање на банки, како прашање иницирано од страна на Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд.

Во образложение на Барањето се истакнува потребата од дополнување на член 14 со нов став 3 од Законот за управните спорови што се однесува на соодветната примена на одредбите од другите прописи, со дополнително воведување на посебна одредба за постапување на Управниот суд, во врска со тужби поднесени против актите на Народната банка донесени во постапка за решавање банка (согласно одредбите од Законот за решавање на банки), односно против актите на Народната банка кои се однесуваат на дозвола за основање и работа и за исполнување на условите за стечајна постапка и ликвидација (согласно одредбите од законот за банките).

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите, Врховниот суд на Република Македонија на Општата седница, дава мислења по предлози на закони и други прописи кога со нив се уредуваат прашања од значење за работата на судовите.

Согласно член 67 од Деловникот за работа на Врховниот суд, Општата седница дава мислење по Предлози на закони и на други прописи, со кои се уредуваат прашања од значење за работата на судовите, до предлагачот на законот односно прописот.

Согласно горенаведените одредби од Законот за судовите и Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, не го усвои Барање за мислење од Министерството за правда во однос на доставеното Известување од Народна банка на Република Северна Македонија, до Министерството за правда, заведено во Врховен суд на Република Северна Македонија под СУ-03 бр.41/24 од 22.01.2024 година, од причина што Барањето, не е доставено со предлог закон или друг пропис за кои Општата седница е надлежна да дава мислење.

Општа седница
на Врховен суд на Република Северна Македонија